# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## *НА ОПШТИНА ПРИЛЕП*

| Службен гласник на Општина Прилеп – Излегува по потреба | 26 Мај 2004 година<br>Службен гласник број 4<br>Овој примерок чини 150 ден. | Жиро с-ка при Комерцијална банка – Филијала Прилеп<br>300020000209652<br>ЕДБ 4021996117695 |
|---|---|---|

***Адреса: Питу Гули бр.2, тел.416-454, www.prilep.gov.mk, email:prilep@prilep.gov.mk***

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСНОВАЊЕ НА ЈКП "ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА" - ПРИЛЕП.**

1. Одлуката за изменување на Одлуката за основање на ЈКП "Водовод и канализација" - Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 683/1
26.05.2004 година
Прилеп

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Сашо Пирганоски

Врз основа на член 4-а, 9 и 10 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр. 38/96 и 6/2002), член 36 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 28 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003), , Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 24.05.2004 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за изменување на Одлуката за основање на Јавно комунално претпријатие "Водовод и канализација" Прилеп

Член 1

Во Одлуката за основање на Јавно комунално претпријатие "Водовод и канализација" Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 10/2003 и 2/2004), во членот 16 став 1 зборовите: " 120 дена" се заменуваат со зборовите: "200 дена".

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 671/2
24.05.2004 година
Прилеп

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Прилеп
Борис Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗДВОЈУВАЊЕ НА "РЕ ПАЗАРИ НА ГОЛЕМО И МАЛО" ОД СОСТАВОТ НА ЈКП "КОМУНАЛЕЦ" - ПРИЛЕП**

1. Решението за давање согласност на Одлука за издвојувањ на РЕ Пазари на големо и мало" од составот на ЈКП "Комуналец" - Прилеп.се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 683/2
26.05.2004 година
Прилеп

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Сашо Пирганоски

Врз основа на член 43 точка 3 од Законот за јавни претпријатија ("Службен весник на РМ" 38/96), член 36 точка 6 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003)), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 24.052004 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за давање согласност на Одлуката за издвојување на РЕ "Пазари на големо и мало" од составот на ЈКП "Комуналец" - Прилеп

1. Се дава согласност на Одлуката за издвојување на РЕ "Пазари на големо и мало" од составот на ЈКП "Комуналец" – Прилеп, број 02 - 257/1-3 од 20.05.2004 година.

2. Решението ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 671/3
24.05.2004 година
Прилеп

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Прилеп
Борис Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТАРНАТА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНА НА СТАТУТОТ НА ЈКП "КОМУНАЛЕЦ" - ПРИЛЕП**

1. Решението за давање согласност на Статутарната Одлука за измена на Статутот на ЈКП "Комуналец" - Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 683/3 ГРАДОНАЧАЛНИК
26.05.2004 година на Општина Прилеп
П р и л е п Сашо Пирганоски

Врз основа на член 43 точка 3 од Законот за јавни претпријатија ("Службен весник на РМ" 38/96), член 36 точка 6 од Законот за локална самоуправа ("Службен
весник на РМ" бр.5/2002) и член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003)), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 24.05.2004 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за давање согласност на Стататутарната одлука за измена на Статутот на ЈКП "Комуналец" - Прилеп

1. Се дава согласност на Статутарната одлука за измена на Статутот на ЈКП "Комуналец" – Прилеп бр. 02 - 257/1 - 4 од 20.05.2004 година.

2. Решението ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 671/4 ПРЕТСЕДАТЕЛ
24.05.2004 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Борис Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСНОВАЊЕ НА ЈКП "ПАЗАРИ" - ПРИЛЕП**

1. Одлуката за основање на ЈКП "Пазари" - Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 683/4_ ГРАДОНАЧАЛНИК
26.05.2004 година на Општина Прилеп
П р и л е п Сашо Пирганоски

Врз основа на член 4-а,9 и 10 од Законот за јавните претпријатија ("Сл.весник на РМ" бр.38/96и 6/2002 ), член 36 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа(Службен весник на Р.М.бр.5/2002 ) и член 26 став 1 точка 28 од Статутот на Општина Прилеп (Службен гласник на Општина Прилеп бр.6/2003 ),по предлог на Управниот одбор на ЈКП "Комуналец" Прилеп, Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 24.05.2004 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за основање на Јавно комунално претпријатие "Пазари "Прилеп

**Член 1**

Од составот на КП"Комуналец"Прилеп се издвојува РЕ"Пазари на големо и ало"како дел кој може непречено да продолжи со работа и да функционира посебно - самостојно.

Издвоениот дел РЕ"Пазари на големо и мало"ќе се основа како ново самостојно Јавно комунално претпријатие.

Основач на претпријатието е Општина Прилеп врз основа на Одлуката за издвојување на РЕ "Пазари на големо и мало" од составот на ЈКП "Комуналец" Прилеп бр. 02 - 257/1- 3 од 20.05.2004 година.

**Член 2**

Претпријатието ќе работи под следната **фирма**:Јавно комунално претпријатие "Пазари"-Прилеп.

Скратеното име на фирмата ќе гласи: ЈКП"Пазари"Прилеп (во понатамошниот текст претпријатие).

**Член 3**

Претпријатието има својство на правно лице , со своја жиро сметка а за извршените и превземените обврски во правниот промет со трети лица одговара со сиот свој имот.

Претпријатието како правно лице може да стекнува право на подвижни и неподвижни предмети,да стекнува права и да превзема обврски.

Претпријатието стекнува својство на правно лице од денот на уписот во Трговскиот регистар.

**Член 4**

**Седиштето** на Претпријатието е во Прилеп,на улица"Борка Талески"бб.

**Член 5**

Претпријатието го претставува и застапува директорот.

**Член 6**

Претпријатието се основа заради вршење на стопанска **дејност** од комуналната област од јавен интерес,а која е незаменлив услов за животот и работата на граѓаните на територијата на Општина Прилеп.

Претпријатието во рамките на својот делокруг на работа ги врши следните дејности:

- 70.20 - Издавање на сопствен недвижен имот;
- Одржување и користење на пазари на големо и мало,под што се подразбира одржување

на комуналните објекти,односно просторот и објектите изградени за давање на услуги на трговија.

Претпријатието без упис во судскиот регистар во помал обем ќе врши и други дејности кои ќе служат на дејностите што се запишани во судскиот регистар,а кои што вообичаено се вршат кон тие дејности или придонесуваат за целосно искористување на капацитетите и материјалите што се употребуваат за вршење на запишаните дејности.

**Член 7**

Претпријатието е во сопственост на општина Прилеп.

Почетните средства за работа на Јавното претпријатие се основните средства на РЕ"Пазри на големо и мало".

Средствата за обавување на дејноста,Јавното претпријатие ги обезбедува преку:

- наплата на комуналните услуги;
- од буџетот на Општината и
- од други извори утврдени со закон..

Количината и видот на основните средства со кои ќе управува јавното претпријатие ќе се утврди по извршениот делбен биланс помеѓу ова јавно претпријатие и ЈКП"Комуналец"Прилеп.

**Член 8**

Претпријатието се организира на начин со кој се обезбедува најоптимално вршење на дејноста за која се основа.

Внатрешната организација на претпријатието ќе се одреди со Правилникот за организација и систематизација на работните места на предлог од директорот.

**Член 9**

Претпријатието го води своето материјално финансиско работење според финансиските и сметководствените правила и стандарди за трговските друштва.

**Член 10**

Органи на Претпријатието се:Управниот одбор,Одборот за контрола на материјално-финансиското работење и Директорот.

Член 11

Управниот одбор на Претпријатието брои 5 члена од кои 3 именува основачот,а 2 члена се именуваат од редот на вработените во претпријатието на предлог на Организацијата на мнозинскиот синдикат во претпријатието до изборот на Совет на вработените.

**Член 12**

Одборот за контрола на материјално - финансиското работење брои пет члена и нив ги именува,односно разрешува основачот.

За членови на Одборот за контрола може да се именуват лица со високо образование,кои поседуваат знаење и искуство особено од дејноста на финансиското и сметководственото работење.

**Член 13**

Со работа на Претпријатието раководи Директор што го именува односно разрешува основачот по предлог на Градоначалникот на општината.

**Член 14**

Овластувањата, правата,обврските и одговорностите на органите на Претпријатието се утврдуваат со Статутот на Јавното претпријатие, во согласност со закон.

**Член 15**

Статутот на Претпријатието го донесува Управниот одбор на Јавното претпријатие.

Со Статутот на Претпријатие поблиску се уредува организацијата, управувањето и раководењето со Јавното претпријатие, општите акти и постапката за нивно донесување и извршување, како и други прашања од значење на Јавното претпријатие.

**Член 16**

Органите на претпријатието од член 10 на оваа Одлука,ќе се именуваат во рок од 60 дена од денот на влегување во сила на оваа Одлука.

Во рокот од став 1 на овој член ќе се донесе и Статутот на претпријатието.

**Член 17**

Оценката за остварување на јавниот интерес на претпријатието и заштита на тој интерес ја утврдува основачот.

Заради заштита на јавниот интерес, а со цел да обезбеди непречено извршување на утврдените обврски на претпријатието, основачот може да преземе мерки утврдени со Закон.

**Член 18**

Основачот - Советот на општината дава согласност на:

- Статутот на Јавното претпријатие;
- Статусните промени;
- Основањето на друштво со ограничена одговорност или акционерски друштво;
- Актот за употреба на средствата остварени со работењето на јвното претпријатие и покривање на загубите;
- Актот за задолжување на Јавното претпријатие ;
- Актот со кој се утврдуваат цените на производите и услугите што јавното претпријатие ги продава и врши за корисниците;
- Годишната сметка и извештајот за работењето на Јавното претпријатие и
- Годишната инвестициона програма усогласена со вкупниот стопански развој.

**Член 19**

Вработените во ЈКП "Комуналец " Прилеп, кои досега ги извршувале работите поврзани со обавувањето на дејноста на Јавното претпријатие "Пазари" Прилеп, како и дел од вработените во други служби и единици,се превземаат во ова претпријатие.

**Член 20**

Работниците превземени во ова претпријатие ќе се прераспоредат во рок од 30 дена по донесувањето на актот за организација и систематизација на работните места.

**Член 21**

Претпријатието се запишува во трговскиот регистар врз основа на пријава,потпишана од страна на лицето кое ќе ги води работите на претпријатието до неговото конституирање - ( ВД- директор).

**Член 22**

Превземањето на средствата,правата и обврските од ЈКП"Комуналец"Прилеп во новото претпријатие што се основа со оваа Одлука ќе се изврши со Договор помеѓу двете претпријатија врз основа на делбен биланс.

**Член 23**

Делбениот биланс помеѓу двете претпријатија ќе се направи Комисијата формирана од Советот на општина Прилеп, со Решение број 07-1376/10 од 29.12.2003 година.

Делбениот биланс го усвојува основачот.

**Член 24**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп.

Број 07 - 671/5 ПРЕТСЕДАТЕЛ
24.05.2004 година на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Борис Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИМЕНУВАЊЕНА ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈКП "ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА" - ПРИЛЕП**

1. Решението за именување на членови на Управниот одбор на ЈКП "Водовод и канализација" - Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 683/5 ГРАДОНАЧАЛНИК
26.05.2004 година на Општина Прилеп
Прилеп Сашо Пирганоски

Врз основа на член 17 и 18 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр. 38/96), член 36 став 1 точка 5 од Законот за Локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 29 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 24.05.2004 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување членови на Управниот одбор на ЈКП "Водовод и канализација" - П р и л е п**

1. За членови на Управниот одбор на ЈКП "Водовод и канализација", претставници на Советот на Општината, се именуваат:

- РИСТО НИКОЛОСКИ, дипл правник Д.О.О. "Кланекс" ;
- САШО ВЕЛЕСКИ, дипл.машински инж. "Микрон-теч";
- КРСТЕ МАКРЕСКИ, дипл. сообраќаен инж. "Жито - Прилеп";
- РОЗА НАУМОСКА, началник на Завод за здравствена заштита;
- КАТЕРИНА ДИМЕСКА, дипл.град.инж.
- АЛЕКСАНДАР САЛАТОСКИ, дипл.економ. - Локална самоуправа.

2. За членови на Управниот одбор на ЈКП "Водовод и канализација", претставници од редот на вработените на предлог на Организацијата на Мнозинскиот синдикат во претпријатието, до изборот на Совет на вработените, се именуваат:

- РОЗА ВАСИЛЕСКА, ВШС;
- МАРГАРИТА КАМЧЕСКА, дипл. биолог;
- ДИМЧЕ НЕДЕСКИ, ВКВ мајстор.

3. Решението да се достави до именуваните, ЈКП "Водовод и канализација", Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 671/6 ПРЕТСЕДАТЕЛ
24.05.2004 год. на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Борис Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА ОДБОРОТ ЗА КОНТРОЛА НА МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈКП "ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА" - ПРИЛЕП**

1. Решението за именување членови на Одборот за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП "Водовод и канализација" - Прилеп , се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 683/6 ГРАДОНАЧАЛНИК
26.05.2004 година на Општина Прилеп
Прилеп Сашо Пирганоски

Врз основа на член 17 и 18 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр. 38/96), член 36 став 1 точка 5 од Законот за Локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 29 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 24.05.2004 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување членови на Одборот за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП "Водовод и канализација" - П р и л е п**

1. За членови на Одборот за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП “Водовод и канализација”, се именуваат:

- ТОНИ БРМБЕСКИ, дипломиран економист - "Микрон- теч";

- ПЕЦЕ РАДЕСКИ, дипломиран правник - "Еурокомпозит";

- ВИДАНКА ЌУТАНОСКА,. дипломиран економист - невработена;

- ФЛОРА ЧАКАЛАРОСКА, дипломиран економист - невработена; и

- ВЕРА ТРАЈКОСКА, дипломиран правник - Д.О.О. "Опрема".

2. Решението да се достави до именованите, ЈКП “Водовод и канализација”, Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 07 - 671/7 ПРЕТСЕДАТЕЛ
24.05.2004 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Борис Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ РЕШЕНИЕТО ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ВД ДИРЕКТОР НА ЈКП "ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА" - ПРИЛЕП**

1. Решението за именување на ВД директор на ЈКП "Водовод и канализација" - Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 683/7 ГРАДОНАЧАЛНИК
26.05.2004 година на Општина Прилеп
П р и л е п Сашо Пиргатоски

Врз основа на член 23 од Законот за јавни претпријатија ("Службен веснк на РМ" бр. 38/96), член 29 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 32/95) и член 43 точка 30 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 3/96 и 2/97), а во врска со член 132 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003), Советот ана Општина Прилеп на седницата, одржана на 24.05.2004 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување ВД директор на ЈКП "Водовод и канализација" - Прилеп**

1. За ВД директор на ЈКП "Водовод и канализација" - Прилеп се именува:

- МАРЈАН ЃОРЃИЕСКИ, дипломиран инж. архитект.

2. Мандатот на ВД директорот трае 6 месеци, односно до именовањето на директор на Јавното претпријатие.

3. Решението да се достави до именуваниот, ЈКП "Водовод и канализација, Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

4.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 671/8 ПРЕТСЕДАТЕЛ
24.05.2004 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Борис Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИМЕНУВАЊЕНА ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НАЈКП "ПАЗАРИ" - ПРИЛЕП**

1. Решението за именување на членови на Управниот одбор на ЈКП "Пазари" - Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 683/8 ГРАДОНАЧАЛНИК
26.05.2004 година на Општина Прилеп
П р и л е п Сашо Пирганоски

Врз основа на член 17 и 18 од Законот за јавните претпријатија (“Службен весник на РМ” бр. 38/96), член 36 став 1 точка 5 од Законот за Локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 29 од Статутот на Општина Прилеп (“Службен гласник на Општина Прилеп” бр. 6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 24.05.2004 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување членови на Управниот одбор на ЈКП “Пазари” - П р и л е п**

1. За членови на Управниот одбор на ЈКП “Пазари”, претставници на Советот на Општината, се именуваат:

- ЧЕДО БАЧАНОВ, дипл. инж. агроном - Тутунски комбинат Прилеп;

- МАРЈАН АНГЕЛЕСКИ, професор, невработен;

-ВЛАДИМИР СИМОНОСКИ, дипломиран електро инжинер, невработен

2. За членови на Управниот одбор на ЈКП “Пазари”, претставници од редот на вработените на предлог на Организацијата на Мнозинскиот синдикат во претпријатието, до изборот на Совет на вработените, се именуваат:

- ИЛИЈА ИЛИЕСКИ, дулеџија;

- ЉУБИЦА КОРУБИНОСКА, благајник.

3. Решението да се достави до именованите, ЈКП “Пазари”, Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 671/9 ПРЕТСЕДАТЕЛ
24.05.2004 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Борис Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА ОДБОРОТ ЗА КОНТРОЛА НА МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈКП "ПАЗАРИ" - ПРИЛЕП**

1. Решението за именување членови на Одборот за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП "Пазари" - Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 683/9 ГРАДОНАЧАЛНИК
26.05.2004 година на Општина Прилеп
П р и л е п Сашо Пирганоски

Врз основа на член 17 и 18 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр. 38/96), член 36 став 1 точка 5 од Законот за Локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 29 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 24.05.2004 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување членови на Одборот за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП "Пазари" - П р и л е п**

1. За членови на Одборот за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП "Пазари", се именуваат:
- ЗОРАН ТОМЕСКИ, дипломиран економист, невработен;
- ВЕЦКО ЦВЕТАНОСКИ, дипломиран првник, невработен;
- ТРАЈКО КАЧАКОСКИ, дипломиран економист, невработен;
- ЈАНЕ ЦАКОСКИ, дипл. град. инж. А.Д. Г. П. "Прилепец"; и
- СНЕЖАНА ЌОВКАРОСКА-ШИЛОСКА, дипл.економист Мед. центар.

2. Решението да се достави до именованите, ЈКП "Пазари", Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 671/10 ПРЕТСЕДАТЕЛ
24.05.2004 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Борис Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ВД ДИРЕКТОР НА ЈКП "ПАЗАРИ"- ПРИЛЕП**

1. Решението за именување на ВД директор на ЈКП "Пазари"- Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - _683/10 ГРАДОНАЧАЛНИК
26.05.2004 година на Општина Прилеп
П р и л е п Сашо Пирганоски

Врз основа на член 23 од Законот за јавни претпријатија ("Службен веснк на РМ" бр. 38/96), член 29 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 32/95) и член 43 точка 30 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 3/96 и 2/97), а во врска со член 132 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003), Советот ана Општина Прилеп на седницата, одржана на 24.05.2004 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување ВД директор на ЈКП "Пазари" - Прилеп**

1. За ВД директор на ЈКП "Пазари" - Прилеп се именува:
- ЉУБЕН АДАМЧЕСКИ, дипломиран економист.

2. Мандатот на ВД директорот трае 6 месеци, односно до именовањето на директор на Јавното претпријатие.

3. Решението да се достави до именуваниот, ЈКП "Пазари", Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 671/11 ПРЕТСЕДАТЕЛ
24.05.2004 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Борис Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА ГЕНЕРАЛНИОТ ДИРЕКТОР НА ЈКП"КОМУНАЛЕЦ" - ПРИЛЕП**

1. Решение за разрешување на генералниот директор на ЈКП "Комуналец" - Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 683/11 ГРАДОНАЧАЛНИК
26.05.2004 година на Општина Прилеп
П р и л е п Сашо Пиргансоки

Врз основа на член 23 од Законот за јавни претпријатија ("Службен веснк на РМ" бр. 38/96), член 29 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 32/95) и член 43 точка 30 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 3/96 и 2/97), а во врска со член 132 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003), Советот ана Општина Прилеп на седницата, одржана на 24.05.2004 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување на генералниот директор на ЈКП "Комуналец" - Прилеп**

1. МАРЈАН ЃОРЃИЕСКИ, дипломиран инж. архитект, се разрешува од функцијата генерален директор на ЈКП "Комуналец" - Прилеп.
2. Решението да се достави до именуваниот, ЈКП "Комуналец", Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.
3. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 671/12 ПРЕТСЕДАТЕЛ
24.05.2004 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Борис Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИМЕНУВАЊЕ ВД ДИРЕКТОР НА ЈКП "КОМУНАЛЕЦ" - ПРИЛЕП**

1. Решението за именување ВД директор на ЈКП "Комуналец" - Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 683/12 ГРАДОНАЧАЛНИК
26.05.2004 година на Општина Прилеп
П р и л е п Сашо Пиргансоки

Врз основа на член 23 од Законот за јавни претпријатија ("Службен веснк на РМ" бр. 38/96), член 29 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 32/95) и член 43 точка 30 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 3/96 и 2/97), а во врска со член 132 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003), Советот ана Општина Прилеп на седницата, одржана на 24.05.2004 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување ВД директор на ЈКП "Комуналец" - Прилеп**

1. За ВД директор на ЈКП "Комуналец" - Прилеп се именува:
- СЛИВОСКИ ЈОВАН, дипломиран шумарски инжинер.
2. Мандатот на ВД директорот трае 6 месеци, односно до именовањето на директор на Јавното претпријатие.
3. Решението да се достави до именуваниот, ЈКП "Комуналец", Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.
4. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 671/13 ПРЕТСЕДАТЕЛ
24.05.2004 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Борис Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОРНА ЈКП "КОМУНАЛЕЦ" - ПРИЛЕП**

1. Решението за разрешување и именување на членови на Управниот одбор на ЈКП "Комуналец" - Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 683/13 ГРАДОНАЧАЛНИК
26.05.2004 година на Општина Прилеп
П р и л е п Сашо Пиргансоки

Врз основа на член 17 и 18 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр. 38/96), член 36 став 1 точка 5 од Законот за Локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 29 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 24.05.2004 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување и именување членови на Управниот одборна ЈКП "Комуналец" - П р и л е п**

1. Со ова Решение се разрешуваат членовите на Управниот одбор на ЈКП "Комуналец" - Прилеп, именувани со Решение број 07 - 2467/ 1 од 27.11.2000 година ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2000) и Решение број 07 - 3044/8 од 25.11.2002 година ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 10/2002).

2. За членови на Управниот одбор на ЈКП "Комуналец", претставници на Советот на Општината, се именуваат:

- ЗОРАН ПЕТРЕСКИ, професор по техничко образование;
- ЈОВКО ЌОЛЧЕСКИ, дипломиран правник, невработен;
- МИЛАН БАШЕСКИ, дипл.ел.инж. - Тутунски комбинат;
- ВЛАДИМИР ГЕШОСКИ, дипл.ел. инж. - Мермерен комбинат;
- ВИНКО ТОДОРОСКИ, дипл.ел. инж. Управа за јавни приходи; и
- ЗЛАТКО КУЗМАНОСКИ, дипл.правник - невработен.

3.За членови на Управниот одбор на ЈКП "Комуналец", претставници од редот на вработените, на предлог на организацијата на мнозинскиот синдидат во Претпријаеито, до изборот на Совет на вработените, се именуваат:

- СТОЈАНОСКИ ТОМЕ, ВКВ;
- ЃОРЃИОСКИ ДИМЧЕ, ССС; И
- ЦВЕТАНОСКИ ДАРЕ, ВСС.

4. Решението да се достави до именуваните, ЈКП "Комуналец", Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

5. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 671/14
24.05.2004 година
П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Прилеп
Борис Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ДЕЛБЕНИОТ БИЛАНС НА ЈКП "КОМУНАЛЕЦ" - ПРИЛЕП И ЈКП "ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА" - ПРИЛЕП**

1. Одлуката за усвојување на Делбениот биланс на ЈКП "Комуналец" - Прилеп и ЈКП "Водовод и канализација" - Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 683/14
26.05.2004 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Сашо Пирганоски

Врз основа на член 4-а,9 и 10 од Законот за јавните претпријатија ("Сл.весник на РМ" бр.38/96и 6/2002 ), член 36 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Р.М" бр.5/2002 ) и член 26 став 1 точка 28 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003 ), и член 23 став 3 од Одлуката за основање на ЈКП "Водовод и канализација" - Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 10/2003),Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 24.05.2004 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за усвојување на Делбениот биланс на ЈКП "Комуналец" -Прилеп и ЈКП "Водовод и канализација" - Прилеп

Член 1

Се усвојува Делбениот биланс на ЈКП "Комуналец" - Прилеп и ЈКП "Водовод и канализација" - Прилеп направен од Комисијата формирана од Советот на Општина Прилеп, со Решение број 07 - 1376/10 од 29.12.2003 година.

Член 2

Со овој Делбен биланс се регулира превземањето на средствата, правата и обврските, помеѓу ЈКП "Комуналец" Прилеп и ЈКП "Водовод и канализација" Прилеп.

Член 3

Одлуката да се достави до ЈКП "Комуналец", ЈКП "Водовод и канализација" , Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 671/15
24.05.2004 година
Прилеп

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Прилеп
Борис Ристески

## АКТИ ОД ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

Врз основа на член 17 став 7 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр. 4/96, 28/97, 18/99 и 53/2001), член 50 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 47 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

### О Д Л У К А
за организирање на Стручна расправа по Нацртот на Генерален урбанистички план за стопански комплекс на Регионалниот пат Р-513 Македонски Брод пат Прилеп, во КО Варош, во Општина Прилеп

Член 1

Со оваа Одлука се организира Стручна расправа за донесување на Генерален урбанистички план за стопански комплекс на Регионалниот пат Р-513 Македонски Брод пат Прилеп, фаза Нацрт план, во КО Варош, во Општина Прилеп.

Член 2

Поканите за стручната расправа ќе бидат доставени до сите релевантни фактори: ЈП ПУП Скопје, МТВ ПЕ Прилеп, ЈКП "Комуналец" Прилеп, ЕСМ ПЕ Прилеп, Македонски телекомуникации Прилеп, МЕ ПЕ Прилеп, МЗШВ ПЕ Прилеп, МТВ инспектор по патишта Прилеп.

Член 3

Стручната расправа ќе се одржи на ден 26.05.2004 година (среда) со почеток во 14,оо часот во Малата сала на Општина Прилеп.

Член 4

Нацртот на Генерален урбанистички план за стопански комплекс на Регионалниот пат Р-513 Македонски Брод пат Прилеп, во КО Варош, во Општина Прилеп ќе биде доставен и разгледан на Стручната расправа.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 556/1
27.04.2004 година
П р и л е п

ОПШТИНА ПРИЛЕП
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
ГРАДОНАЧАЛНИК
Сашо Пиргановски

Врз основа на член 17 став 7 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр. 4/96, 28/97, 18/99 и 53/2001) член 95 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 47 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

### О Д Л У К А
за организирање на Стручна расправа по Нацртот на Генерален урбанистички план за комплекс на придружни и услужни објекти на патот Р-106 и стопански содржини - Општина Прилеп

Член 1

Со оваа Одлука се организира Стручна расправа по Нацртот за донесување на Генерален урбанистички план за комплекс на придружни и услужни објекти на патот Р-106 и стопански содржини - Општина Прилеп, фаза Нацрт план.

Член 2

Поканите за стручната расправа ќе бидат доставени до сите релевантни фактори: ЈП ПУП Скопје, МТВ ПЕ Прилеп, ЈКП "Комуналец" Прилеп, ЕСМ ПЕ Прилеп, Македонски телекомуникации Прилеп, МЕ ПЕ Прилеп, МЗШВ ПЕ Прилеп, МТВ инспектор по патишта Прилеп.

Член 3

Стручната расправа ќе се одржи на ден 26.05.2004 година (среда) со почеток во 14,оо часот во Малата сала на Општина Прилеп.

Член 4

Нацртот на Генерален урбанистички план за комплекс на придружни и услужни објекти на патот Р-106 и стопански содржини - Општина Прилеп, ќе биде доставен и разгледан на Стручната расправа.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 670/1
24.05.2004 година
П р и л е п

ОПШТИНА ПРИЛЕП
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
ГРАДОНАЧАЛНИК
Сашо Пиргановски

## АКТИ ОД ЈКП "КОМУНАЛЕЦ"

Врз основа на член 15 од Законот за комунални дејности (Сл.весник на РМ” бр.45/97),член 4а,9 и 10 од Законот за јавните претпријатија (“Сл.весник на РМ” бр.38/96), Управниот Одбор на ЈКП”Комуналец”Прилеп на седницата одржана на ден 20.05..2004 година,донесе:

### О Д Л У К А
за издвојување на РЕ”Пазари на големо и мало”од составот на ЈКП”Комуналец”Прилеп.

**Член 1**

Од составот на ЈКП”Комуналец”Прилеп се издвојува РЕ”Пазари на големо и мало”како дел кој може непречено да продолжи со работа и да функционира посебно.

Издвоениот дел РЕ”Пазари на големо и мало”ќе се основа како ново самостојно Јавно комунално претпријатие.

Основач на претпријатието е Општина Прилеп.

Претпријатието ќе се основа со основните средства со кои управува РЕ”Пазари на големо и мало”.

**Член 2**

Претпријатието ќе работи под следната **фирма**:Јавно комунално претпријатие "Пазари"-Прилеп.

Скратеното име на фирмата ќе гласи:ЈКП"Пазари"Прилеп со.(во понатамошниот текст претпријатие).

**Член 3**

Претпријатието има својство на правно лице ,со своја жиро сметка а за извршените и превземените обврски во правниот промет со трети лица одговара со сиот свој имот.

Претпријатието како правно лице може да стекнува право на подвижни и неподвижни предмети,да стекнува права и да превзема обврски.

Претпријатието стекнува својство на правно лице од денот на упи

**Член 4**

**Седиштето** на Претпријатието е во Прилеп,на улица"Борка Талески' бб.

**Член 5**

Претпријатието го претставува и застапува директорот.

**Член 6**

Претпријатието се основа заради вршење на стопанска **дејност** од комуналната област од јавен интерес,а која е незаменлив услов за животот и работата на граѓаните на територијата на Општина Прилеп.

Претпријатието во рамките на својот делокруг на работа ги врши следните дејности:

- 70.20 - Издавање на сопствен недвижен имот;

- Одржување и користење на пазари на големо и мало,под што се подразбира одржување на комуналните објекти,односно просторот и објектите изградени за давање на услуги на трговија.

- Одржување и користење на јавниот простор за паркирање,под што се подразбира одржување на просторот и објектите,давање на соодветна услуга,како и утврдување на начинот на нивно користење.

Претпријатието без упис во судскиот регистар во помал обем ќе врши и други дејности кои ќе служат на дејностите што се запошани во судскиот регистар,а кои што вообичаено се вршат кон тие дејности или придонесуваат за целосно искористување на капацитетите и материјалите што се употребуваат за вршење на запишаните дејности.

**Член 7**

Вработените во ЈКП "Комуналец" Прилеп,кои досега ги извршувале работите поврзани со обавувањето на дејноста на Јавното претпријатие "Пазари" Прилеп, како и дел од вработените во други служби и единици,се превземаат во ова Претпријатие.

**Член 8**

Работниците превземени во ова Претпријатие ќе се прераспоредат во рок од 30 дена по донесувањето на актот за организација и систематизација на работите и работните места.

**Член 9**

Превземањето на средствата,правата и обврските од ЈКП"Комуналец"Прилеп во новото Претпријатие што се основа ќе се изврши со договор помеѓу двете претпријатија врз основа на конечен делбен биланс.

**Член 10**

Оваа Одлука стапува во сила со добивањето на согласност од основачот.

Бр.02 - 257/1 - 3
20.05.2004 год.
Прилеп

**Претседател**
на Управен Одбор
Ристо Николоски

Врз основа на член 6 ,а согласно член 18 од Статутот на ЈКП "Комуналец" Прилеп,Управниот одбор на седницата одржана на ден 20.05.2004 година донесе:

## СТАТУТАРНА ОДЛУКА

За измена на Статутот бр. 02.353/1 од 15.05.1997 год.ЈКП"Комуналец"Прилеп

**Член 1**

Во Статутот на ЈКП "Комуналец" Прилеп бр.02-353/1 од 15.05.1997 год.
во членот 4 став 1 се бришат дејностите под шифра:

70.20- Издавање на сопствен недвижен имот;

- Одржување и користење на пазари на големо и мало;

- Одржување и користење на јавниот простор за паркирање.

**Член 2**

Членот осум (8) се менува и гласи "Седиштето на претпријатието е во Прилеп на Улица -Александар Македонски- број 22-б.

**Член 3**

Член 19 став 5 се менува и ќе гласи"За вршење на својата функција членовите на Управниот Одбор и членовите на Одборот за контрола на материјално-финансиското работење имаат право на надоместок.

Висината на надоместокот ја утврдува Управниот одбор.

**Член 4**

Членот 38 се брише во целост.

**Член 5**

Членот 41 се менува и гласи: ”Внатрешната организација на претпријатието ќе се одреди со Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во претпријатието”.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила по добивањето на согласност од основачот.

По добивањето на согласност од основачот оваа Одлука да се упише во регистарскиот суд.

| | |
|---|---|
| Број 02 - 257/1 - 4 | **Претседател** |
| 20.05.2004 год. | на Управен Одбор |
| Прилеп | Ристо Николоски |

С О Д Р Ж И Н А

на "Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 4 од 26.05.2004 година

1. Одлуката за изменување на Одлуката за основање на ЈКП "Водовод и канализација" - Прилеп................................................................................... **Стр. 1**

2. Решението за давање согласност на Одлуката за издвојување на "РЕ Пазари на големо и мало" од составот на ЈКП "Комуналец" - Прилеп............ .. **Стр. 1**

3. Решението за давање согласност на Статутарната Одлука за измена на Статутот на ЈКП "Комуналец" - Прилеп................................................................ **Стр. 2**

4. Одлуката за основање на ЈКП "Пазари" - Прилеп............................. **Стр. 2**

5. Решението за именување на членови на Управниот одбор на ЈКП "Водовод и канализација" - Прилеп................................................................................ **Стр.4**

6. Решението за именување членови на Одборот за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП "Водовод и канализација" - Прилеп................. **Стр. 5**

7. Решението за именување на ВД директор на ЈКП "Водовод и канализација" - Прилеп........................................................................................................... **Стр. 5**

8. Решението за именување на членови на Управниот одбор на ЈКП "Пазари" - Прилеп............................................................................................................ **Стр. 5**

9. Решението за именување членови на Одборот за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП "Пазари" - Прилеп............................................. **Стр. 6**

10. Решението за именување на ВД директор на ЈКП "Пазари"- Прилеп.**Стр. 6**

11. Решение за разрешување на генералниот директор на ЈКП "Комуналец" - Прилеп.................................................................................... **Стр.7**

12. Решението за именување ВД директор на ЈКП "Комуналец"Прилеп...**Стр.7**

13. Решението за разрешување и именување на членови на Управниот одбор на ЈКП "Комуналец" - Прилеп................................................................................ **Стр.8**

14. Одлуката за усвојување на Делбениот биланс на ЈКП "Комуналец" - Прилеп и ЈКП "Водовод и канализација" - Прилеп.............................................................. **Стр.8**

## АКТИ ОД ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

15. Одлука за организирање на Стручна расправа по Нацртот на Генерален урбанистички план за стопански комплекс на Регионалниот пат Р-513 Македонски Брод пат Прилеп, во КО Варош, во Општина Прилеп ............................................**Стр. 9**

16. Одлука за организирање на Стручна расправа по Нацртот на Генерален урбанистички план за комплекс на придружни и услужни објекти на патот Р-106 и стопански содржини - Општина Прилеп............................................................ **Стр. 9**

## АКТИ ОД ЈКП "КОМУНАЛЕЦ" - ПРИЛЕП

18. Одлука за издвојување на РЕ"Пазари на големо и мало"од составот на ЈКП"Комуналец"Прилеп............................................................................................ **Стр. 9**

19.Статутарна Одлука за измена на Статутот бр. 02.353/1 од 15.05.1997 год.ЈКП"Комуналец"Прилеп................................................................................ **Стр.10**

Издава: Општина Прилеп. Главен и одговорен уредник: Сашо Пиргановски – Градоначалник на Општина Прилеп. Дизајн и компјутерска обработка: Горица Чатлеска. Печати: Служба за стручни и административни работи. Тираж: 50 примероци.